**С О Д Р Ж И Н А**


**Опкружување за остварување на Програмата** **1**

**Цели и задачи на ДЗР во 2005 година** **2**

**Критериуми за избор на субјекти за државна ревизија, обем на ревизија и список на субјекти за ревизија** **2-3**

**Организациона структура и кадровска структура за извршување на Програмата за работа** **4**

**Обезбеденост со материјално-технички ресурси и финансиски средства за работа на Државниот завод за ревизија** **5**

**Едукација** **5**

**Методолошки упатства** **6**

**Соработка со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, други ВРИ, ЕУ, Светската банка и други меѓународни институции** **6**

**Активности на Државниот завод за ревизија во функција на надминување на системските слабости и колизија на законските прописи** **7**

**Активности на Државниот завод за ревизија сврзана со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи** **7**

**Активности на Државниот завод за ревизија за постапување по препораките на овластениот државен ревизор во ревизорските извештаи** **8**

**Активности на Државниот завод за ревизија на планот на информирање** **8**

**Активности на Државниот завод за ревизија за интензивирање на соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и**

**Министерството за финансии** **8**

**Задачи и обврски на Помошниците главни државни ревизори во извршување на Годишната програма** **8**

**Оперативна програма за работата на ДЗР** **9**

**Општи и преодни одредби** **9**

**Преглед на субјектите за ревизија** **10**

**Список на субјекти кај кои ќе се изврши државна ревизија согласно член 1, член 3, и член 5, став 1 и став 2 од Законот за државна ревизија** **11-15**

Врз основа на член 5 и член 8 од Законот за државна ревизија (Пречистен текст) (“Сл.весник на РМ бр. 73/2004) и член 48 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија, на 30.12.2004 година ја донесе следната:

# Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

## на Државниот завод за ревизија за утврдување на обемот на вршење на работите на државна ревизија за 2005 година

### 1. Опкружување за остварување на Програмата

Работата на Државниот завод за ревизија и во 2005 година ќе се остварува во услови на рестриктивен Буџет и изострени економски проблеми во земјата, со целосна подршка на Собранието на РМ за создавање на претпоставки за натамошен развој на ДЗР, со изостанување на очекуваната подршка од Министерството за финансии, што резултира со лимитирани човечки и финансиски ресурси и неповолни услови за натамошно остварување на целите утврдени со Законот за државна ревизија и со Стратегијата за развој на државната ревизија и на Државниот завод за ревизија до 2009 година.

Работата на Државниот завод за ревизија и во оваа 2005 година ќе се остварува со поддршка на Светската банка, со реализацијата на проектот за развој на ДЗР, како и поддршката на Холандската влада и Холандскиот суд за ревизја за зајакнување на организационите, административните, методолошките и другите контролни функции на државната ревизија.

Обемот и структурата на задачите за вршење државна ревизија кај субјектите утврдени со Законот за државна ревизија за 2005 година, Државниот завод за ревизија го утврди и димензионира во рамките на обезбедените финансиски средства во Буџетот на РМ за 2005 година и постојниот број на извршители, односно со постојните ресурси за извршување на задачите (кадровски, материјално технички, финансиски и др.) на ДЗР во функција на успешна реализација на предвидениот обем и структура на ревизии утврден со оваа Програма.

Обемот и структурата на задачите на ДЗР за 2005 година е дефинирана и во функција на опфаќање на задачите на државната ревизија, кои ќе произлезат од новите надлежности на единиците на локалната самоуправа во процесот на децентрализација.

Обемот и структурата на задачите на ДЗР за 2005 година е усогласена и со преземените обврски во одговорите на Прашалникот на Европската Комисија за барањето на членство на Република Македонија во Европска Унија за различни аспекти од вршењето на ревизијата, поврзани со имплементација на препораките на Европската Комисија, за спречување на корупцијата, како и друга комуникација и соработка со надлежните институции во Република Македонија по прашања на резултатите од извршените ревизии. Целта на овие активности е директно да се влијае на зголемување на одговорноста кај носителите на јавните функци, со што би се придонело во постапките на сузбивање на корупцијата во јавниот сектор.

Годишната програма за работа на ДЗР за 2005 година ги опфаќа и активностите сврзани со статусното регулирање на државната ревизија во Уставот на Република Македонија.

## 2. Цели и задачи на ДЗР во 2005 година

Основни цели и задачи на ДЗР во 2005 година се:

- Создавање на услови за натамошна имплементација на одредбите и задачите утврдени со Законот за државна ревизија и остварување на државната ревизија во даденото опкружување, изменување и дополнување на Законот за државна ревизија заради создавање на поповолни, пред се, материјални и кадровски ресурси, што ќе овозможат интензивирање и проширување на соработката и воспоставување на јасни процедури за таквата соработка со Собранието на Република Македонија, Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, Владата на РМ, Министерството за финансии - секторот за Буџет и Секторот за внатрешна ревизија.
- Обезбедување на соодветна структура и број на субјекти опфатени со финансиската ревизија што ќе овозможи да се изгради објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства во 2004 година ( над 50 % од јавните средства) и започнување со реализација на ревизија на успешност за одделни програми и проекти, според приоритетите, во функција на утврдување на објективна оценка за остварувањето на утврдените цели (примена на законите и наменското користење на средствата формирани на даночна основа, царините, фондовите, локалните даноци и слично) и степенот на економичност, ефикасност и ефективност, односно степенот на успешност на приоритетните стратешки владини програми.
- Остварување на натамошен развој и надградба на стандардите за ефективноста на ревизорската работа и нејзино приближување кон ефективноста на врховните ревизорски институции на земјите членки на ЕУ
- Обезбедување систем на проверка и систематско и континуирано следење на извршувањето на препораките на овластениот државен ревизор од претходно извршените ревизии
- Натамошен развој и едукација на човечките ресурси (кадровско екипирање и едукација), финансиско зајакнување и доопремување со информатичка и друга опрема
- Остварување на принципите на јавност и транспарентност во работата на Државниот завод за ревизија
- Приближување кон степенот на примена на стандардите за државна ревизија на врховните ревизорски институции во државите на ЕУ
- Нормативно доуредување на независноста на Државниот завод за ревизија
- Уставно дефинирање на државната ревизија (зајакнувањето на самостојноста и независен буџет), што е во согласност со определбите содржани во Декларацијата од Лима.
-

## 3. Критериуми за избор на субјектите за државна ревизија, обем на ревизијата и список на субјекти за ревизија

Согласно одредбите од член 8, став 2 од Законот за државна ревизија и одредбите од член 49 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија изборот на субјектите и темите за ревизија кои се опфатени со Програмата за 2005 е извршен врз основа на следните критериуми:

- задолжителноста утврдена со Законот за државна ревизија;
- степенот на ризичност;

- материјалност ( обем на јавните средства);
- барањата на надлежните органи и правни субјекти;
- сознанијата, информациите и индициите за незаконско и ненаменско трошење на јавните средства;
- обезбедување на соодветна структура на правни субјекти според: дејноста, ниво на организираност, ниво на надлежност и облик на организирање;
- рамномерна територијална застапеност на правните субјекти;
- видот и тежината на наодите од претходно извршените ревизии;
- видот и степенот на преземените и спроведените мерки согласно препораките на овластениот државен ревизор при претходно извршените ревизии;
- целите на проектот, програмата или правната регулатива и нивната поврзаност со стратешките цели на Република Македонија за приближување кон ЕУ;
- времето предвидено за реализација на проектот, односно програмата;
- актуелни состојби во одделни области и правни субјекти врз основа на проценка на ГДР.

Со Програмата за 2005 се утврдени 140 субјекти со финансиска ревизија што преставува зголемување од 21% во однос на бројот на субјектите кај кои е извршена ревизија во 2004 година. Зголемениот број на субјекти за ревизија е резултат на завршување на обуката на 10 ново вработени во 2004 година и нивно непосредно вклучување во извршувањето на ревизиите на субјектите.

Со Програмата за 2005 се утврдени 17 ревизии на успешност и тоа 12 ревизии за давање на оценка на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност на програмите и проектите финансирани со средствата на Буџетот на РМ, една програма финансирана со средства на ЕУ и 4 ревизии на успешност со цел согледување на постапките и степенот на имплементација на правната регулатива за приближување кон европското законодавство.

Списокот на утврдените ревизии по субјекти ( во прилог) е составен дел на Годишната програма за 2005 година.

За извршување на ревизиите по субјекти и проекти утврден е фонд од 86.400 ревизор часови, односно една ревизија да се изврши за 80 ревизор денови по субјект.

Со Програмата за 2005 е утврдено да се подготват и издадат 214 ревизорски извештаи, што преставува зголемување од 12,5% во однос на бројот на извештаите кои се подготвени и издадени во 2004 година, односно еден извештај да се подготви и издаде за 50 ревизор денови.

Обемот на Годишната програма за 2005 година отстапува од целите утврдени во Законот за државна ревизија и Стратегијата за развој на ДЗР до 2009 година, заради необезбедените потребни буџетски средства што условува одлагање на приемот на планираниот ревизорски кадар и пополнувањето на материјално-техничките ресурси.

Субјектите кои се опфатени со Годишната програма за 2005 година од страна на ДЗР ќе бидат писмено информирани најдоцна до 10.02.2005 година. На субјектите кај кои согласно член 5 став 1 од Законот за државна ревизија државната ревизија е задолжителна и кои имаат обврска финансиските извештаи да ги доставуваат на разгледување и усвојување од надлежните органи едновремено со ревизорскиот извештај, а кои не се опфатени со

програмата, Државниот завод за ревизија ќе им достави известие дека не се опфатени со годишната програма за државна ревизија зо 2005 година.

## 4. Организациона структура и кадровска структура за извршување на Програмата за работа

Согласно Правилникот за организација на Државниот завод за ревизија Годишната програма на Државниот завод за ревизија за утврдување на обемот на вршење на работите на државна ревизија за 2005 година ќе ја реализираат пет сектори за финансиска ревизија, Секторот за успешност, Секторот за развој, Секторот за подршка на ревизијата, организационите единици за внатрешна ревизија и за јавно информирање и Кабинетот на Главниот државен ревизор.

Годишната програма ќе ја реализираат вкупно 68 извршители, од кои 61 извршител од ревизорскиот кадар.

Реализацијата на финансиските ревизии кај утврдените 140 субјекти ќе ја извршат 14 ревизорски екипи, а реализацијата на 17 ревизии на успешност ќе ја извршат 2 постојани и 2 повремени ревизорски екипи. При распоредување на субјектите и ревизиите по ревизорски екипи се применува критериумот на рамноправност на оптоварувањето, компетентност и степен на оспособеност.

Во функција на натамошно кадровско доекипирање, односно за пополнувањето на 56 непополнети работни места, согласно утврдениот број, структура, стручност и компетентност на извршители со актот за систематизацијата на работите и работните задачи на ДЗР, ќе се преземат следните конкретни мерки и активности:

- дополнување на Законот за државна ревизија (ЗДР) со одрededби за самостоен буџет на Државниот завод за ревизија (ДЗР);
- дополнување на ЗДР со одредби за систем на вреднување на работата на државните ревизори;

За зголемување на ефикасноста и квалитетот во извршување на ревизиите и другите задачи во функција на државната ревизија, во рамките на законските прописи ќе отпочнат активностите за:

- проучување и процесуирање на потребите и можностите за организирање на диспергирани единици на ДЗР;
- зголемување на степенот на едукација и ефикасност на ревизорската работа;
- рационализација на системот на изразување на ревизорските извештаи;
- утврдување на актите за почетно имплементирање на систем, мерила и критериуми за наградување на вработените според степенот и квалитетот на извршување на Годишната програма, односно остварувањето оперативни програми за извршување на Годишна програма со која е утврден обемот на вршење на работите на државна ревизија за 2005 година, квалитетот и динамиката на извршената ревизија и задачите на подготовка и издавање на претходните и конечните ревизорски извештаи, нивно доставување, постапките по приговор и забелешки и нивното објавување на ВЕБ-страната на ДЗР.

Активностите ќе бидат насочени и кон обезбедување на 23 планирани вработувања, по пат на објавување на огласи или со спогодбено преземање, по што ќе следи организирање на обука и вклучување во процесот на извршување на државната ревизија.

ДЗР ќе бара механизми и форми Министерството за финансии да ги реализира заклучоците на Собранието на РМ во време со ова програма.

## 5. Обезбеденост со материјално-технички ресурси и финансиски средства за работа на Државниот завод за ревизија

Со Буџетот за 2005 година за реализација на Годишната програма обезбедени се финансиски средства во износ од 85.302.000,00 денари. Одобрениот износ е за 47% помал од потребниот за постојниот број извршители, поради што ќе се преземат дополнителни мерки на обезбедување на средства со ребаланс на Буџетот, како и мерки за рационализација и оптимализација на трошоците во функција на реализација на програмски пакети за вклучување на информациониот систем во технолошкиот процес на работа на ДЗР.

Во рамките на утврдените средства со Буџетот за 2005 година се сопствените приходи на ДЗР се планирани во износ од 29.922.000,00 денари. Овие приходи Државниот завод за ревизија треба да ги обезбеди со извршување на државни ревизии кај 28 субјекти кои согласно член 16 став 2 од Законот за државна ревизија се должни да обезбедат финансиски средства за надомест за извршената ревизија пресметан согласно Тарифата на Државниот завод за ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 26 и 30/2000).

Континуирано ќе се преземаат потребните активности за обезбедување на финансиски средства за реализација на 23 нови вработувања и за обезбедување на соодветна канцелариска, информатичка и друга опрема неопходна за вклучување на овие извршители во работниот процес. Ќе се преземат и активности во функција на обезбедување на деловен простор за обавување на перманентна едукација на вработените, за сместување на библиотека за стручна литература и за магацински простор за архивирање на документацијата.

Доколку и со дополнителните мерки не се обезбедат услови за целосна реализација на Годишната програма ќе се преземат мерки за измени на обемот на планираните задачи.

## 6. Едукација

За квалитетно и успешно извршување на ревизиите во 2005 година ќе се организираат и реализираат соодветни програми за едукација на ревизорскиот кадар.

Во текот на годината ќе се посвети големо внимание на обуката на ревизорскиот кадар, како приоритетна задача во функција во остварувањето на развојните цели утврдени во Стратегијата за развој на ДЗР до 2009 година. Обуката ќе се изврши низ повеќе форми: со организирање од надворешни професионални асоцијации/иницијативи за ревизија и интерни проекти за обука во рамките на институцијата.

По завршување на проектот на Светска банка за едукација на ревизорскиот кадар во продолжение на 2005 година во тек се активности за утврдување на содржините на нова твининг програма со холандската влада за едукација и

развој на кадарот во Државниот завод за ревизија за периодот од две наредни години.

Заради избегнување на професионални пропусти и грешки во 2005 година значајно место во едукацијата на кадарот ќе има и едукацијата низ практика, а согласно интерните акти на Државниот завод за ревизија. Едукацијата ќе се изведува со странски и домашни експерти, експерти од ДЗР. За кадарот до одреден ранг има одредено одговорни лица-ментори овластени со решение од главниот државен ревизор.

## 7. Методолошки упатства

Во текот на 2005 година ќе продолжат започнатите активности на планот на утврдување и печатење на нормативно-методолошка и инструктивна основа како предуслов за квалитена ревизија. Во рамките на овие активности ќе биде завршена изработката на методолошкиот прирачник за финансиска ревизија и тој ќе биде објавен во првата половина на 2005 година. Во првата половина од 2005 година ќе отпочне примена и на прирачникот за ревизија на успешност, изготвен во рамките на проектот на Светска банка "Прирачник за ревизија на успешност".

За одделни методолошки прашања, во рамките на активностите за Секторот за развој ќе бидат подготвени и одредени наменски упатства. Во 2005 година ќе започне проучувањето на методологијата за истражување и утврдување на почетната величина и структура на средствата и капиталот во државна сопственост и подготовка на содржината по која во периодот до 2007 година ќе биде подготвен и објавен "Прирачник за подготовка на испитот за стекнување звање овластен државен ревизор"

## 8. Соработка со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, други ВРИ, ЕУ, Светска банка и други меѓународни институции

Соработката со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ и другите ВРИ, соработка со Светска банка по ПСМАЛ/ПСАЛ кредитот и друга меѓународна соработка ќе продолжи во сите сегменти од активностите на нивните органи, од учество на курсеви, семинари, работилници, истражувања, учество во работата на работните групи, учество на конгреси и други видови на активности. Соработката има за цел да се забрза процесот на приближување на Република Македонија кон Европската Унија и спроведување на препораките на Европската Комисија во делот за политичката и економската состојба во Република Македонија. Посебен акцент во ова има функционирањето на државната ревизија и интерната финансиска контрола и зајакнување на надзорот, спроведувањето на антикорупциските мерки и непосредните задачи на ДЗР. Овој процес треба да резултира и со повисок степен на самостојност и независност на Главниот државен ревизор во однос на обезбедувањето на условите за кадровско доекипирање на ДЗР, континуирана едукација на овластените државни ревизори, создавањето на уставни основи за обезбедување независност и самостојност на државната ревизија и на ДЗР како институција и креирање системско решение и нормативен основ за самостоен буџет на државната ревизија.

Меѓународната соработка со овие меѓународни институции и организации ќе бидат и во функција на оспособување на ревизорскиот кадар за исполнување на задачите утврдени со аранжманите и препораките на Светската банка, а

особено  на методологијата за утврдување на субјектите со висок ризик, за формите, содржините, периодиката и начинот на објавување на резултатите од ревизиите, транспарентноста и средствата за јавно информирање, утврдување на појавите на измама и корупција.

Во рамките на соработка со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ВРИ, ЕУ,Светска банка и други меѓународни институции  ќе се преземат и конкретни активности за обезбедување на меѓународни донации за реализација на Стратегијата за развој на државната ревизија и на Државниот завод за ревизија за периодот 2004-2009 година, во 2005 година.

### 9.Активности на Државниот завод за ревизија во функција на надминување на системските слабости и колизија на законските прописи

Активностите на Државниот завод за ревизија во функција на надминување на системските слабости и колизија на законските прописи во 2005 година ќе бидат насочени кон реализација на Заклучоците на Собранието на Република Македонија,  донесени по разгледувањето на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на ДЗР за 2003 година, со кои треба да се обезбеди:

- вклучување на сознанијата за системските слабости и колизија на законските прописи утврдени во ревизорските извештаи за извршените државни ревизии, и да се вклучат во законските проекти кои ќе ги донесува до Собранието на РМ;
- доставување на повремени иницијативи за измена и усогласување на законските прописи и подзаконските акти до надлежните државни органи:
- доставување на писмено мислење до ДЗР по правни прописи по барање на надлежните  државни органи, Владата на РМ или Собранието на РМ;

### 10. Активности на Државниот завод за ревизија сврзани со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи

Активностите на Државниот завод за ревизија сврзани со работата на Државната комисија за спречување на  корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, и во 2005 година ќе се одвива  во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државна ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и другите закони и подзаконски акти, во согласност со задачите утврдени со Националната програма за превенција и репресија на корупцијата и Владиниот акционен план  за борба против корупцијата.

Во рамките на овие активности во 2005 година ДЗР ќе обезбеди:

- Доставување на информации, материјали и ревизорски извештаи до надлежните органи за наоди кои индицираат наоди за активности од надлежност на Државната комисија за спречување на  корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи и обратно;
- Одговор и доставување на информации, материјали за извршени ревизии по барање на овие органи. Вклучување на одделни субјекти во Годишната

програма за утврдување на обемот за вршење на државна ревизија и за работата на Државниот завод за ревизија на иницијатива на овие органи со времени измени и дополнувања на програмата;

- Обезбедување на повратни информации од овие органи по претходно доставените информации, материјали и ревизорски извештаи од ДЗР;

- Одржување на работни средби за меѓусебно информирање и преземање на активности за размена на искуства сврзани со Методологијата на работа, усогласување на прописите, запознавање со европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;

- Информирање на Собранието на РМ и Владата на РМ за степенот на соработката и постигнатите ефекти;

## 11. Активности на Државниот завод за ревизија за постапување по препораките на овластениот државен ревизор во ревизорските извештаи

Активности на Државниот завод за ревизија во 2005 година во однос на преземените мерки и активности за надминување на слабостите и пропустите констатирани со наодите содржани во ревизорските извештаи и постапувањето во согласност со препораките на овластениот државен ревизор од страна на надлежните органи, ќе бидат во функција на целосно имплементирање на законската надлежност. За нив ДЗР треба да биде писмено известуван во рок од 90 дена од денот на доставувањето на конечниот ревизорски извештај.
Во рамките на овие задачи ДЗР ќе ги презема следните активности:

- Писмено укажување на органите надлежни за контрола и надзор на работењето на субјектите предмет на ревизијата за обврските од законот;

- Тековно информирање на Собранието на РМ и Владата на РМ за органите кои не ги презеле пропишаните и потребни мерки и активности за надминување на слабостите, и покрај законската надлежност и обврска да постапуваат во овие случаи;

## 12. Активности на Државниот завод за ревизија на планот на информирањето

Во 2005 година ДЗР ќе ги продолжи со извршување на активности за остварување на законската надлежност за зголемување на степенот на информираност на јавноста за начинот на трошењето на јавните средства и во рамките на истите ќе ја збогати содржината на информациите кои ќе се пласираат во средствата за јавно информирање на ДЗР.

## 13. Активности на Државниот завод за ревизија за интензивирање на соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии

Во функција на имплементација на Законот за државната ревизија и Законот за интерна ревизија, и понатамошниот развој на ДЗР, во 2005 година ќе

бидат преземни конкретни активности за интензивирање на соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии.

Соработката ќе се одвива  во согласност со обврските на ДЗР за доставување на информации и ревизорски извештаи, како и покренување на иницијативи за одржување на работни средби за взаемно информирање и за утврдување на активности за надминување на системски слабости и колизии на законските и подзаконски акти.

## 14. Задачи и обврски на Помошниците главни државни ревизори во извршувањето на Годишната програма

Помошниците главни државни ревизори, како раководители на одделните сектори во ДЗР, се должни да ги извршуваат работите и задачите на државната ревизија на начин кој овозможува економичност, ефикасност и ефективност во реализација на Годишната програма во предвидените рокови и обем.
Помошниците главни државни ревизори се должни:

- да ги  известат субјектите најмалку 7 дена пред почетокот на ревизијата, за планираните термини за вршење на ревизијата и за составот на ревизорските екипи формирани со посебно решение на главниот државен ревизор.
- да ги изготват и достават до субјектот претходниот и конечниот ревизорски извештај;
- конечниот ревизорски извештај во согласност со интерните акти, да го предадат за објавување на ВЕБ-страната на ДЗР;
- по извршената ревизија, досието со сите прилози да го предадат на архивирање во архивата на Државниот завод за ревизија.
- за секој ревизорски извештај да достават матрица за извршување на препораките и отстранување на незаконитостите утврдени со наодите;
- доколку во утврдениот рок од член 27 став 9 од Законот за државна ревизија Државниот завод за ревизија не биде известен за преземените мерки, за тоа  да подготват информација за Владата на РМ,  Собранието на Република Македонија и надлежната  Комисија за финансирање и буџет.
- да подготват извод од ревизорските извештаи за вклучување во посебниот прилог на Годишниот извештај за ДЗР;

## 15. Оперативна програма за работа на ДЗР

Динамиката за  реализација на утврдениот обем на работите на државна ревизија со Годишна програма за 2005 година, распоредот на субјекти систематизиран по интерна класификација кај кои ќе се врши државна ревизија по организирани делови и по ревизорски екипи, согласно Списокот по вид, теми за ревизии на успешност и ориентациони рокови за извршување, ќе се утврдат во Оперативната програма за извршување на  Годишна програма за утврдување на обемот на вршење на работите на државна ревизија за 2005 година.

Со Оперативната програма за извршување на  Годишна програма за утврдување на обемот на вршење на работите на државна ревизија за 2005 година се утврдува и обврската за планирање и организирање на подготовка на субјектите за успешно и навремено извршување на ревизијата.

## 16. Општи и преодни одредби

Програмата за работа може да се менува и дополнува во текот на годината по оценета објективна потреба и во согласност со Законот за државна ревизија.

Обемот на програмата за ревизии ќе зависи од реализацијата на новите вработувања. Годишната програма ќе се усогласува, менува и дополнува во зависност од динамиката на приемот на потребните кадри, времето потребно за нивно оспособување (едукација) и бројот на новоформираните ревизорски екипи оспособени за вклучување во постапките за ревизија.

Програмата може да се промени и поради барање на Собранието на РМ и други органи, но не повеќе од 5% од планираното ревизорско време.

Оваа Годишна програма стапува на сила со денот на донесувањето, а се применува од 01.01.2005 година.

**Број 01-843/1**
**Скопје, 30.12. 2004 година**

**Главен државен ревизор**
**Методија Тошевски**

**Преглед на субјекти за ревизија** */

***Според интерна класификација*** — ***Состојба 31.12.2004***

| Реден број | Вид на субјекти согласно чл. 1 и 5 од ЗДР | Вкупен број на субјекти | Структура во % | Бр. субјекти кај кои е планирано да се изврши ревизија | Структура во % | Учество во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* | *8 (6:4)* |
| **А** | **ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА** | | | | | |
| **I** | **По член 5 став 1 од Законот за државна ревизија (ЗДР)** | | | | | |
| 01 | Буџет на РМ | 1 | 0.05 | 1 | 0.71 | 100.00% |
| 02 | Корисници на средства од буџетот на РМ | 63 | 3.08 | 29 | 20.71 | 46.03% |
| 03 | Политички партии финансирани со средства од буџетот на РМ | ... | ... | 4 | 2.86 | ... |
| 04 | Буџети на единици на локална самоуправа (ЕЛС) | 124 | 6.07 | 20 | 14.29 | 16.13% |
| 05 | Корисници на средства од буџетите на ЕЛС**/ | 300 | 14.68 | 42 | 30.00 | 14.00% |
| 06 | Судски буџет | 1 | 0.05 | 1 | 0.71 | 100.00% |
| 07 | Буџети на Фондови на ниво на РМ | 6 | 0.29 | 6 | 4.29 | 100.00% |
| 08 | Јавни претпријатија основани од РМ | 26 | 1.27 | 4 | 2.86 | 15.38% |
| | **Вкупно I** | **521** | **25.50** | **107** | **76.43** | **20.54%** |
| **II** | **По член 5 став 2 од Законот за државна ревизија ((ЗДР)** | | | | | |
| 09 | Корисници на средства од буџети на фондови | 531 | 25.99 | 9 | 6.43 | 1.69% |
| 10 | Корисници на средства од судски буџет | 55 | 2.69 | 8 | 5.71 | 14.55% |
| 11 | Единки корисници на средства од буџетот на РМ | 746 | 36.51 | 7 | 5.00 | 0.94% |
| 12 | Единки корисници на средства од буџетите на ЕЛС | ... | ... | ... | ... | ... |
| 13 | Единки корисници на средства од буџетите на фондовите | ... | ... | ... | ... | ... |
| 14 | Други јавни претпријатија | 91 | 4.45 | 3 | 2.14 | 3.30% |
| 15 | Народна банка на Република Македонија | 1 | 0.05 | 1 | 0.71 | 100.00% |
| 16 | Правни лица во кои државата е доминантен | 84 | 4.11 | 1 | 0.71 | 1.19% |
| 17 | Агенциите и други институции основани со закон | 14 | 0.69 | 4 | 2.86 | 28.57% |
| 18 | Други институции финансирани од јавни средства | ... | ... | ... | ... | ... |
| 19 | Корисници на средства од Европската Унија и други меѓународни институции | ... | ... | ... | ... | ... |
| | **Вкупно II** | **1522** | **74.50** | **33** | **23.57** | **2.17%** |
| | **Вкупно I + II** | **2043** | **100.00** | **140** | **100.00** | **6.85%** |
| **Б** | **РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ** | | | | | |
| | **По член 3 од Законот за државна ревизија ((ЗДР)** | | | | | |
| 31 | Програми и проекти финансирани со буџетски средства | ... | ... | 12 | ... | ... |
| 32 | Програми и проекти финансирани од ЕУ | ... | ... | 1 | ... | ... |
| 35 | Процес на приближување кон Европско законодавство / конвенции / спогодби и друго | ... | ... | 4 | ... | ... |
| | **ВКУПНО Б (31+32+35)** | | | **17** | | |
| | **ВКУПНО А +Б (31+32+35)** | | | **157** | | |

*/ Во Државниот завод за ревизија е во тек постапката за ажурирање на Регистарот на правни субјекти, кај кои се врши државна ревизија, согласно промените извршени во 2004 година во Законот за државна ревизија (Пречистен текст "Службен весник" бр. 73/04)

... Ажурирањето на податоците е во тек

**/Во бројот на субјектите се вклучени и 176 фондови на ЕЛС, корисници на средствата на буџетите на ЕЛС за кои не е добиена информација дека се згаснати

**Број 01-843/1**
**Скопје, 30.12. 2004 година**

**Главен државен ревизор,**
**Методија Тошевски**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА - СКОПЈЕ**

## Годишна програма на ДЗР за утврдување на обемот на вршење на работите на државна ревизија за 2005 година

**Список на правни субјекти кај кои ќе се изврши државна ревизија согласно член 1, член 3, и член 5, став 1 и став 2 од Законот за државна ревизија**

**ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА**

***Член 5 став 1***

| Шифра | Р.бр. во Програмата | Р.бр во класата | ЦЕЛОСЕН НАЗИВ НА ПРАВНИОТ СУБЈЕКТ | ОПШТИНА | БРОЈ НА ИЗВЕШТАИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | 1 | 1 | БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| 02 | 2 | 1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 3 | 2 | СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 4 | 3 | УСТАВЕН СУД НА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 5 | 4 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 6 | 5 | СЛУЖБА ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА Р.МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 7 | 6 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО | ЦЕНТАР | 1 |
| | 8 | 7 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 9 | 8 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА | ЦЕНТАР | 8 |
| | 10 | 9 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ЦАРИНСКА УПРАВА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 11 | 10 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - БИРО ЗА СТОКОВИ РЕЗЕРВИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 12 | 11 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 13 | 12 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 14 | 13 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 15 | 14 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ - УПРАВА ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 16 | 15 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ - УПРАВА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 17 | 16 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | ЦЕНТАР | 2 |
| | 18 | 17 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | ЦЕНТАР | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 19 | 18 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 20 | 19 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 21 | 20 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 22 | 21 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 23 | 22 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 24 | 23 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | ЦЕНТАР | 2 |
| | 25 | 24 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 26 | 25 | АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 27 | 26 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА | ЦЕНТАР | 2 |
| 02 | 28 | 27 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 29 | 28 | АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО-БИТОЛА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 30 | 29 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 31 | 1 | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА - СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 32 | 2 | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ | ТЕТОВО | 1 |
| 03 | 33 | 3 | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА - ВМРО - ДПМНЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 34 | 4 | ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА - ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА | ЧАИР | 1 |
| 04 | 35 | 1 | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 36 | 2 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ГАЗИБАБА | 1 |
| | 37 | 3 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 1 |
| | 38 | 4 | БУЏЕТ НА ЕЛС | КАРПОШ | 1 |
| | 39 | 5 | БУЏЕТ НА ЕЛС | КИСЕЛА ВОДА | 1 |
| | 40 | 6 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ЦЕНТАР | 1 |
| | 41 | 7 | БУЏЕТ НА ЕЛС | САРАЈ | 1 |
| | 42 | 8 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ШУТО ОРИЗАРИ | 1 |
| | 43 | 9 | БУЏЕТ НА ЕЛС | БЕРОВО | 1 |
| | 44 | 10 | БУЏЕТ НА ЕЛС | БРОД МАКЕДОНСКИ | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 45 | 11 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ВАЛАНДОВО | 1 |
| | 46 | 12 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ВИНИЦА | 1 |
| | 47 | 13 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ГОСТИВАР | 1 |
| | 48 | 14 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ДЕБАР | 1 |
| | 49 | 15 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ДЕМИР ХИСАР | 1 |
| | 50 | 16 | БУЏЕТ НА ЕЛС | КРИВА ПАЛАНКА | 1 |
| | 51 | 17 | БУЏЕТ НА ЕЛС | ОХРИД | 1 |
| | 52 | 18 | БУЏЕТ НА ЕЛС | СВЕТИ НИКОЛЕ | 1 |
| | 53 | 19 | БУЏЕТ НА ЕЛС | СТРУГА | 1 |
| | 54 | 20 | БУЏЕТ НА ЕЛС | СТРУМИЦА | 1 |
| 05 | 55 - 58 | 1 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 4 |
| | 59 - 60 | 2 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ГАЗИБАБА | 2 |
| 05 | 61 - 62 | 3 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 2 |
| | 63 - 64 | 4 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | КАРПОШ | 2 |
| | 65 - 66 | 5 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | КИСЕЛА ВОДА | 2 |
| | 67 - 68 | 6 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ЦЕНТАР | 2 |
| | 69 - 70 | 7 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | САРАЈ | 2 |
| | 71 - 72 | 8 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ШУТО ОРИЗАРИ | 2 |
| | 73 - 74 | 9 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | БЕРОВО | 2 |
| | 75 - 76 | 10 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | БРОД МАКЕДОНСКИ | 2 |
| | 77 - 78 | 11 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ВАЛАНДОВО | 2 |
| | 79 - 80 | 12 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ВИНИЦА | 2 |
| | 81 - 82 | 13 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ГОСТИВАР | 2 |
| | 83 - 84 | 14 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ДЕБАР | 2 |
| | 85 - 86 | 15 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ДЕМИР ХИСАР | 2 |
| | 87 - 88 | 16 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | КРИВА ПАЛАНКА | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 89 - 90 | 17 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | ОХРИД | 2 |
| | 91 - 92 | 18 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | СВЕТИ НИКОЛЕ | 2 |
| | 93 - 94 | 19 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | СТРУГА | 2 |
| | 95 - 96 | 20 | КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС | СТРУМИЦА | 2 |
| **06** | 97 | | СУДСКИОТ БУЏЕТ | ЦЕНТАР | 1 |
| **07** | 98 | 1 | ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 99 | 2 | ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 100 | 3 | ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 101 | 4 | ФОНД ЗА МАГИСТРАЛ.И РЕГИОНАЛ.ПАТИШТА НА РМ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 102 | 5 | ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 103 | 6 | ФОНД ЗА ВОДИТЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| **08** | 104 | 1 | МАКЕДОНСКИ ПОШТИ - СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 105 | 2 | СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 106 | 3 | ЈП"МАКЕДОНИЈА ПАТ " - СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 107 | 4 | ЈП СТРЕЖЕВО, БИТОЛА | ЦЕНТАР | 1 |
| | | | | | **139** |

***Член 5 став 2***

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **09** | 108 | 1 | МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР КУМАНОВО | КУМАНОВО | 2 |
| | 109 | 2 | МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД | ОХРИД | 2 |
| | 110 | 3 | ЗДРАВСТВЕН ДОМ РЕСЕН | РЕСЕН | 2 |
| | 111 | 4 | ЗДРАВСТВЕН ДОМ СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 112 | 5 | ЈЗО ЗДРАВСТВЕНА СТАНИЦА "ЖЕЛЕЗАРА" | ГАЗИ БАБА | 2 |
| | 113 | 6 | РЕП ЗАВОД ЗА ТРАСФУЗ СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 114 | 7 | БАЊА "БАНСКО" СТРУМИЦА | СТРУМИЦА | 2 |
| | 115 | 8 | НЕГОРСКИ БАЊИ ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 116 | 9 | ГРАДСКА АПТЕКА СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 2 |
| 10 | 117 | 1 | ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЦЕНТАР | 2 |
| | 118 | 2 | АПЕЛАЦИОНЕН СУД-БИТОЛА | БИТОЛА | 2 |
| | 119 | 3 | АПЕЛАЦИОНЕН СУД-СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 120 | 4 | ОСНОВЕН СУД-ГОСТИВАР | БИТОЛА | 2 |
| | 121 | 5 | ОСНОВЕН СУД-ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА | 2 |
| | 122 | 6 | ОСНОВЕН СУД-СТРУМИЦА | СТРУМИЦА | 2 |
| | 123 | 7 | ОСНОВЕН СУД-СКОПЈЕ1 | ЦЕНТАР | 2 |
| | 124 | 8 | ОСНОВЕН СУД-СКОПЈЕ2 | ЦЕНТАР | 2 |
| 11 | 125 | 1 | ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦ.РАБОТА-ПРИЛЕП | ПРИЛЕП | 2 |
| | 126 | 2 | ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ | ЦЕНТАР | 2 |
| | 127 | 3 | МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ | КАРПОШ | 2 |
| | 128 | 4 | ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ, БИТОЛА | БИТОЛА | 2 |
| | 129 | 5 | ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР “СКОПЈЕ” | ЦЕНТАР | 2 |
| | 130 | 6 | ДРАМСКИ ТЕАТАР-СКОПЈЕ | КАРПОШ | 2 |
| | 131 | 7 | ВЕТЕРИНАРЕН ИНСТИТУТ “СКОПЈЕ” | ЦЕНТАР | 2 |
| 14 | 132 | 5 | ЈП”КОМУНАЛНА ХИГИЕНА” | ЦЕНТАР | 1 |
| | 133 | 6 | ЈП “ПАЗАРИШТЕ” | КИМАНОВО | 1 |
| | 134 | 7 | ЈП”СТУДЕНЧИЦА” | ЦЕНТАР | 1 |
| 15 | 135 | 1 | НАРОДНА БАНКА НА РМ | ЦЕНТАР | 1 |
| 16 | 136 | 1 | 11 ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТ | ПРИЛЕП | 1 |
| 17 | 137 | 1 | СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 138 | 2 | ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР | ЦЕНТАР | 2 |
| 17 | 139 | 3 | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 140 | 4 | АГЕНЦИЈА ЗА РАБОТА СО РИЗИЧНИ СРЕДСТВА | ЦЕНТАР | 1 |

**РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ**

***Член 3***

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31 | 141 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ПРОЕКТИ ОД СРЕДСТВАТА ОД ПРОДАЖБА НА ТЕЛЕКОМ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 142 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - РЕФОРМА НА СУДСКИОТ СИСТЕМ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 143 | | ВЛАДА НА РМ - ЦАРЦ ПРОГРАМАТА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 144 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - ПРОЕКТИ ЛЕАП | ЦЕНТАР | 1 |
| | 145 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО - ПРОЕКТИ СО СВЕТСКА БАНКА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 146 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО - ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ОД БОЛЕСТИ И ОД ШТЕТНИЦИ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 147 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО - ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 148 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО - ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО | ЦЕНТАР | 1 |
| | 149 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО - ПРОГРАМА ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 150 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ПРОЕКТ СО УНХЦР | ЦЕНТАР | 1 |
| | 151 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА - ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ И ПОДРШКА НА ЕЛС И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 152 | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - ПРОЕКТ НА ПАСОШИ | ЦЕНТАР | 1 |
| 32 | 153 | | СОЈУЗ НА СЛЕПИ ЛИЦА НА РМ - ФАРЕ БРАЈ | ЦЕНТАР | 1 |
| 35 | 154 | | ЗАКОН ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 155 | | СТОКХОЛМСКА КОНВЕНЦИЈ ЗА НЕРАЗГРАДЛИВИ ОРГАНСКИ ЗАГАДУВАЧИ | ЦЕНТАР | 1 |
| | 156 | | РАМСАРСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ВОДЕНИТЕ ЖИВЕАЛИШТА | ЦЕНТАР | 1 |
| | 157 | | ЦИВИЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА | ЦЕНТАР | 1 |

| | |
|---|---|
| | **17** |
| **ВКУПНО РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ** | **214** |

**Број 01-843/1**

**Скопје, 30.12. 2004 година**

**Главен државен ревизор,**

**Методија Тошевски**